GfK Skopje

# Press Release

## Довербата на потрошувачите со благ пораст

Датум

01 Јуни, 2010

Боге Божиновски
Тел +389 (2) 3126-001
Факс + 389 (2) 3133-980
boge.bozinovski@gfk.com.mk

GfK Skopje
Водњанска 50
1000 Скопје
Р.Македонија

Тел +389 (2) -001
Факс + 389 (2) 3133-980
www.gfk.com
info.macedonia@gfk.com.mk

Управител
Весна Кузмановиќ

**Според истражувањето на GfK, довербата на потрошувачите државата во првата половина на 2010 е благо зголемена во однос на втората половина од 2009 година. Најголемо подобрување се забележува во перцепцијата за ситуацијата со невработеноста во државата.**
**Во продолжение, деталните резултати од довербата на потрошувачите во Македонија и споредба со резултатите од државите на Централна и Источна Европа.**

*П. Дали финансиската состојба на Вашето домаќинство е подобра, полоша или пак иста споредено со пред 12 месеци?*

55% од граѓаните изјавиле дека финансиската состојба во нивното домаќинство е на исто ниво како и пред 12 месеци. Една четвртина (25%) изјавиле дека финансиската состојба им е влошена во споредба со таа пред една година, што е благо зголемување во споредба со истражувањето во Октомври 2009 и повторно како во периодот Април 2009 е поголем од процентот на оние кои изјавиле дека финансиската состојба им е подобрена.



Споредено со земјите од Централна и Источна Европа кадешто е направено истражувањето, процентот на македонски домаќинства кадешто финансиската состојба е влошена е значително понизок од домаќинствата во Романија (65%), Бугарија (58%), Чешка Република (33%) и Полска (33%).

| | Македонија | Бугарија | Чешка Република | Полска | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу подобра | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| Подобра | 19 | 4 | 7 | 14 | 6 |
| Иста | 55 | 36 | 58 | 51 | 27 |
| Полоша | 23 | 30 | 22 | 24 | 33 |
| Многу полоша | 2 | 28 | 11 | 9 | 32 |
| НЗ/НО | 0 | 2 | 1 | 3 | 0 |

*П. Какви се финансиските очекувања на Вашето домаќинство за следните 12 месеци?*

Најголем процент од грѓаните (47%) сметаат дека финансиската состојба во нивното домаќинство ќе остане на исто ниво и во следните 12 месеци. Една третина (33%) очекуваат дека таа ќе се подобри.




Процентот на граѓани во Централна и Источна Европа коишто сметаат дека финансиската состојба во следните 12 месеци ќе се подобри е значително понизок во Бугарија (8%), Романија (16%) , Полска (16%),Чешка Република (21%).

| | Македонија | Бугарија | Чешка Република | Полска | Романија |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу ќе се подобри | 2 | 1 | 3 | 1 | 1 |
| Ќе се подобри | 31 | 7 | 18 | 15 | 15 |
| Ќе остане иста | 47 | 42 | 50 | 54 | 39 |
| Ќе стане полоша | 17 | 21 | 15 | 14 | 19 |
| Ќе стане многу полоша | 2 | 18 | 5 | 4 | 19 |
| НЗ/НО | 1 | 13 | 9 | 13 | 6 |

*П. Какво е Вашето мислење за состојбата со невработеност во државата во следните 12 месеци?*

45% од граѓаните сметаат дека ситуацијата со невработеноста нема да се смени во следните 12 месеци. 28% сметаат дека ќе има повеќе невработени во следните 12 месеци, додека 22% сметаат дека ќе има помалку невработени во истиот период.




Споредено со земјите од регионот, македонските граѓани се многу пооптимистични кога се работи за состојбата со невработеност во следните 12 месеци. Имено, процентот на раѓани кои сметаат дека ќе има повеќе невработени во следните 12 месеци во Романија изнесува 85%, во Бугарија тој процент е 70%, додека во Чешка и Полска нешто помалку од половината граѓани очекуваат дека невработеноста ќе расте, 47% и 41% респективно.

| | **Македонија** | **Бугарија** | **Чешка Република** | **Полска** | **Романија** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ќе има многу повеќе невработени | 4 | 44 | 11 | 8 | 59 |
| Ќе има повеќе | 25 | 26 | 36 | 33 | 26 |
| Иста | 45 | 14 | 23 | 38 | 8 |
| Ќе има помалку | 20 | 3 | 23 | 13 | 3 |
| Ќе има многу помалку | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| НЗ/НО | 4 | 12 | 5 | 8 | 4 |

## За истражувањето

Истражувањето за доверба на потрошувачите е континуирано истражување коешто GfK го спроведува во повеќе држави. Истражувањето во Македонија, Бугарија, Чешка Република, Полска и Романија е спроведено на репрезентативен примерок од 1000 испитаници во секоја од државите во Април 2010.

## За GfK Skopje

GfK Skopje беше основана во 2000 година како STRATUM Research и претставува првата македонска компанија која дава услуги од областа на истражување на пазарот, како и информации и анализа за производите и услугите наменети за консументи. Во 2007 година станува дел од ГфК Групацијата.
Вработените во ГфК Скопје се искусни експерти од областа на психолигија, социологија, економија, статистика и други области. Има мрежа од повеќе од 250 интревјуери во Македонија и околу 100 интервјуери во Косово, 5 супервизори во Македонија и 3 супервизори на Косово.

Има 20 работни единици достапни за телефонски анкети со помош на компјутер (CATI) центарот во Скопје, 30 обучени интервјуери за телефонски анкети и современо опремено студио за фокус групи.